До:
СОБРАНИЕТО НА АКЦИОНЕРИ
НА П.И.„ВИТАМИНКА“ А.Д. ПРИЛЕП

Предмет: ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ГОЛЕМА ЗДЕЛКА

Во согласност со членот 456 став (5) од Законот за трговските друштва („Сл.весник на Р.М.“ бр. 28/2004, 84/2005, 71/2006, 25/2007, 87/2008, 17/2009, 23/2009, 42/2010, 48/2010, 8/2011, 21/2011, 24/2011, 166/2012, 70/2013, 119/2013, 120/2013, 187/2013, 38/2014, 41/2014, 138/2014, 88/2015, 192/2015, 6/2016, 30/2016,61/2016), Одборот на директори на П.И.„Витаминка“ АД Прилеп на Собранието на акционери му поднесува писмено известување за големата зделка, во коешто се наведува дека собранието треба да го разгледа предлогот за големата зделка, се дава препорака, вклучувајќи го и исказот за правото на акционерите да не се согласат со големата зделка. Во писменото известување се наведува страната, односно страните на зделката, корисникот, односно корисниците на зделката, вредноста, предметот, обемот и другите материјални услови на зделката.

На основа на утврдената деловна политика за 2016 година на П.И.„Витаминка“ АД Прилеп, се актуелизираше потребата за обезбедување дополнителни средства за финансирање инвестициите во Друштвото поврзани со модернизација и автоматизација на техничко-технолошките процеси, како и изградба на магацин за складирање на готови производи. Овој заем се оправдува и со најавите за зголемена продажба од страна на продажните служби на одредени производи. Очекувано е дека усовршувањето и зголемувањето на капацитетите ќе влијае во насока на зголемување на вкупниот приход на Друштвото.

Предметниот заем ќе се реализира со склучување на договор помеѓу П.И.„Витаминка“ АД Прилеп како заемопримач и Европската банка за обнова и развој (ЕБОР) како заемодавач. Висината на заемот ќе изнесува 6.000.000 Евра. Условите и начинот на обезбедување и враќање на овие средства ќе бидат како претходните транши. Со овој заем на никаков начин нема да биде доведена во прашање финансиската стабилност и ликвидност на Друштвото и не се очекува било какво пореметување на финансиските текови на Друштвото. Заемот ќе биде вратен во договорениот рок од сопствените извори на средства на Друштвото обезбедени од тековното работење, како и од очекуваното зголемување на приходите.

Имајќи го претходното предвид, предлагаме Собранието на акционери да го разгледа предлогот за одобрување на голема зделка. Притоа, акционерите можат да се користат со законското право да не се согласат со големата зделка.

Одбор на директори:
1. Симон Наумоски, Претседател ____________
2. Сашо Наумоски, Генерален извршен директор ____________
3. Благоја Ѓорѓијовски, Неизвршен член ____________
4. Ѓорѓи Манчески,Независен неизвршен член ____________
5. Сашко Самарџиоски, Независен неизвршен член ____________